Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) со поддршка на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во рамки на проектот „Националниот ресурсен центар за граѓански организации”, ја организираат конференцијата „**Отворено владино партнерство – дијалог со граѓанските организации за Националниот акциски план 2018-2020** ". Се работи за дводневен настан кој **ќе се одржи на 8 и 9 мај 2018 година во Клубот на органите на државната управа** , Скопје.

Конференцијата ќе ја отворат **Дамјан Манчевски**, Министер за информатичко општество и администрација, **Н.Е. Микаела Швајзер- Блум** , Заменик Амбасадор на САД во Македонија, **Никола Бертолини** , Раководител на секторот за соработка на Делегацијата на ЕУ во Македонија, и **Гордана Гапиќ Димитровска** , Министерство за информатичко општество и администрација.

Првиот ден ќе се дискутира за **отвореното владино партнерство** и напредокот и резултатите од спроведувањето на **Националниот акциски план (НАП) 2014-2016** .

Презентациите вториот ден ќе се однесуваат на **Независниот извештај за прогресот 2016-2017** направен од **Механизмот на независно известување** , и искуствата и препораките за приоритизација и селекција на предложени заложби. Во текот на денот предвидена е и работа во групи што ќе им овозможи на

**граѓанските организации (ГО) да дадат насоки и препораки за следниот акциски план за периодот 2018-2020**
.

Целта на конференцијата е да ја промовира иницијативата Отворено владино партнерство меѓу ГО и подетално да ги информира за остварениот прогрес, да создаде простор за дискусија меѓу ГО и владините институции за искуствата и предизвиците во спроведувањето на третиот акциски план и самите да учествуваат во креирањето на новиот.

Заинтересираните учесници треба да бидат **претставници на граѓански организации кои работат во областите кои се релевантни за Отворено владино партнерство**
. За учество на конференцијата потребно е да го потврдите своето присуство со испраќање на пополнета
 пријава за учество

**на info@rcgo.mk најдоцна до 4 мај 2018 година**
.

Националниот ресурсен центар за граѓански организации е проект финансиран од Европската Унија.

- **Официјална покана**
- **Дневен ред**
- **Пријава за учество**